Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202- 27/30
01.09. 2023 год.
Скопје

# ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

# УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈЕКТИ ВО МОНТАЖА

**Скопје, септември 2023 година**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 0202-27/29 од 01.09.2023 година

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

(1) Предмет на осигурување по овие услови, се следните објекти во монтажа:

1) метални конструкции со машинска и електро-опрема или без неа;
2) машините, машинската и електро-опремата, инсталации и апарати како и подлогата и темелите, ако е нивната вредност содржана во вредноста на објектот во монтажа;
3) монтажната опрема и помошните објекти, кои се опфатени во пресметковната вредност на објектите во монтажа и служат за монтажа (скелиња, помошни згради, брани, дрвени или ѕидани складишта, работилници, мензи) освен предметите што претставуваат основни и обртни средства на изведувачот на работите односно осигуреникот;
4) градежниот дел што се гради исклучиво за потребите на објектите во монтажа, а неговата вредност е во целост опфатена во пресметковната сума на објектот во монтажа.

(2) Ако посебно се договори и ако се пресмета посебна премија, со осигурувањето може да се опфатат и:
1) веќе постојните објекти (видот на тие објекти е наведен во точка 1 и 2 од став (1), на овој член, на кои се извршуваат монтажи, поправки, ремонти и санации и сл.;
2) помошен материјал и алат во употреба за изведување монтажа;
3) монтажна опрема и помошните објекти што служат за монтажа и кои воопшто не се или не се во целост опфатени во пресметковната вредност на објектот во монтажа;
4) стационирани (усидрени) пловни возила, чамци, сплавови, понтони на вода, предмети на нив за време на монтажата на вода или останато;
5) предмети на работниците;
6) деловно-техничка документација, вклучувајќи ја и книгата за монтажа (осигурување на таксирана вредност);
7) подлога и темели доколку не се содржани во вредноста на објектот во монтажа став (1), точка 2 од овој член).

3. По овие услови не се предмет на осигурување:
1) нестационарни (неусидрени) пловни возила (чамци, сплавови, понтони, влекачи) и предмети на нив, моторни возила и приколки на суво, самоодни машини, воздушни летала;
2) предмети во превоз вон местото на монтажата;
3) пари и вредносни хартии;
4) основни и обртни средства на изведувачот на работите, кои не служат за самото изведување на монтажата, потоа инвентар во канцелариите, работничките мензи и работничките станови, алат и потрошен материјал на работничките мензи и станови како и други предмети што не служат за непосредна монтажа или работа на осигурениот објект во монтажа.

(4) Не можат да се осигурат објекти во монтажа на кои не е вработен потребен број квалификувана стручна работна сила и со чија монтажа и работите не раководат и не ги надгледуваат стручњаци со потребни стручни квалификации.

(5) Осигурувањето не ги покрива штетите ако се пријавуваат на крајот на монтажата како список на недостатоци и штети без можност да се утврди нивната причина и времето на нивното настанување.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 2

(1) Осигурителот е должен да исплати надоместок во случај на штета предизвикана со уништување, оштетување или исчезнување на осигурените предмети поради следниве основни опасности:

1) пожар и удар на гром, експлозија, луња, град, манифестација и демонстрација, излевање на вода, мраз и снег, снежна лавина, одронување на земјиште, слегнување на почвата, лизгање на почвата;

2) монтажна незгода;

3) неспретност, невнимание или лоша намера на работникот или на некое друго лице.

(2) Ако посебно се договори и пресмета дополнителна премија, осигурителот е должен да исплати надоместок на штета поради една или повеќе дополнителни опасности, според тоа како ќе се договори, и тоа:

1) поплава и порој, висока вода и подземна вода;

2) одговорност од дејност на изведувачот на монтажните работи;

3) договорна одговорност на изведувачот на монтажните работи во гарантниот рок;

4) провална кражба.

Осигурени се само оние опасности што се наведени во полисата и за кои е пресметана дополнителна премија.

(3) Осигурителот не е должен да исплати надоместок на директна или на индиректна штета што е предизвикана со нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И УДАР НА ГРОМ

### Член 3

(1) Под пожар, во смисла на овие услови, се смета оган настанат вон одредено лежиште или оган што ова место го напуштил и е способен и натаму да се развива со сопствена сила.

(2) Со осигурувањето од пожар е опфатен и ризикот од самозапалување на залихи, доколку ускладиштувањето е извршено според прописите.

(3) Не се смета дека настапил пожар и осигурителот не е должен да исплати надоместок, доколку осигурениот предмет е уништен или оштетан:

1) поради излагање на корисен оган или топлина заради обработка или во други цели (на пример: во преработка, при сушење, пржење, печење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка и сл.);

2) поради осмадување, опрлување или прегорување од цигара, апарати за осветлување, искри и сл.;

3) поради вриење или загревање, варење, димење и сл.

(4) Со осигурувањето од опасност од пожар не се опфатени штетите на оџаците што настанале во врска со нивната функција.

(5) Осигурувањето од удар на гром во смисла на овие услови, ги покрива штетите кои на осигурените предмети ги предизвикал гром со делување на сила или топлина, како и штети од удар на предмети соборени од громот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЕКСПЛОЗИЈА

### Член 4

(1) Под експлозија, во смисла на овие услови, се смета ненадејно манифестирање на сила заснована на тежнеење на пареа или гасови да се прошират.

Експлозија на садови под притисок (котли, цевки и сл.) постои само кога ѕидовите на садот се во толкава мера издупчени така што настанува моментално изедначување на внатрешниот и на надворешниот притисок.

Ако во внатрешноста на садот настанала експлозија поради хемиско претворање, штетата што од тоа ќе настане на садот е покриена со осигурување и тогаш кога ѕидовите на садот не се издупчени.

(2) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети на предметите на осигуреникот предизвикани со минирања што се извршуваат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;

2) штетите на машините предизвикани со експлозија во просторот за внатрешно согорување (цилиндер на мотор);

3) штети од експлозија, кои се нормална појава во процесот на производството;

4) штетите од експлозивно издувување од печките и слични апарати;

5) штетите од експлозија од биолошки карактер;

6) штети поради пробивање на звучниот ѕид;

7) штетите од експлозија на садовите под притисок од став (1) алинеја 2, од овој член поради дотраеност, истрошеност или прекумерни наслаги на ’рѓа, бигор, талог, тиња на осигурениот предмет, но не се надоместуваат штетите на останатите предмети во врска со настанатата експлозија.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛУЊА

### Член 5

(1) Под луња, во смисла на овие услови, се смета ветер со брзина од 17,2 м/сек односно 62 км на час (силина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе.

Ќе се смета дека дувал ветер со оваа брзина во пределот каде што се наоѓа осигурениот предмет, ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил редовно одржувани објекти. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Републичкиот хидрометеоролошки завод.

(2) Штетите од луња се опфатени со осигурување ако се предизвикани механички оштетувања на осигурениот предмет:

1) со непосредно делување на луњата;

2) со директен удар на предмети соборени или носени од луњата.

(3) Со осигурувањето од луња не се опфатени штети:

1) од продирање на дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат на зградата, освен ако отворите настанале од луњата, како и штети од дожд и други врнежи на предметите сместени на слободен простор.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ГРАД

### Член 6

Со осигурувањето се опфатени штети од уништување, односно оштетување на осигурените предмети што ги предизвикал градот со својот удар. Опфатени се и штети од продирање на град и дожд низ отвори настанати од паѓање на градот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА

### Член 7

(1) Манифестација и демонстрација, во смисла на овие услови, се смета организирано или спонтано јавно покажување нерасположение на група граѓани.

(2) Се смета дека настанал осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурениот предмет е уништен или оштетен од кој било начин на делување на манифестантите односно демонстрантите (уривање, демолирање, кршење, палење и др.).

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА

### Член 8

(1) Излевање на вода во смисла на овие услови се смета:

1) Излевање на вода од водоводни цевки и уреди за греење на зградите со топла вода и уреди за парно греење и други уреди и апарати поради оштетување (кршење, прскање или дефект на уредите за управување и сигурност)на тие цевки, уреди и апарати.

2) Излевање на вода од атмосферска и фекална инсталација (канализации) поради силен пороен дожд од над 15 лит. (или 15 мм) воден талог на 1 $м^2$ за еден час. Количината на дожд мора да се докаже со извештај од Републичкиот хидрометеоролошки завод.

3) Избивање на пареа од цевки и уреди за топла вода и парно греење поради оштетување (кршење, прскање или дефект на уредите за управување и сигурност) на тие цевки и уреди.

(2) Со осигурување не се опфатени штети:

1) од излевање на вода од отворени славини, олуци и олучни цевки;

2) поради прскање или кршење на цевките и уредите под дејство на мраз, кој делувал во смисла на став (2) член 9 од овие Услови. Кај овој случај со осигурување не е покриена штетата на самите цевки и уреди;

3) поради дотраеност, истрошеност и корозија;

4) губиток на вода и изгубена добивка;

5) поради лошо одржување на водоводните и одводните (канализациски) цевки и уреди за греење со топла вода, уреди и апарати во објектот што ги изведува осигуреникот, како и немарна или недоволна заштита од смрзнување, запушување и слични причини настанати на споменатата инсталација и уреди на овие објекти.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МРАЗ

### Член 9

(1) Со осигурување од мраз во смисла на овие услови се опфатени штетите причинети на осигурените предмети со ненадејно делување на мраз, како и штети што би настанале на работите осетливи на мраз, доколку се преземени соодветни мерки на заштита за работа во зимски услови.

(2) Осигурување од опасност од мраз не ги покрива штетите што би настанале кај работите осетливи на мраз, кои се изведуваат непосредно пред и во време кога според територијата и временските прилики мора да се очекува смрзнување, односно доколку не се преземени соодветни мерки за заштита при изведување на работите во зимски услови.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МРАЗ И СНЕГ

### Член 10

(1) Осигурувањето од мраз и снег опфаќа штети што би биле предизвикани на осигурените предмети со тежина, притисок или удар на мразот и снегот.

Со осигурувањето се покриени само оние штети доколку тежината или притисокот на мразот и снегот биле поголеми од вредностите од статичката пресметка, односно од оние предвидени по важечките технички прописи.

(2) Штетите од минирање на мразот и снегот не се опфатени со осигурување.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СНЕЖНА ЛАВИНА

### Член 11

(1) Под снежна лавина, во смисла на овие услови, се смета снежна маса во движење, која се откинува од планински страни.

(2) Со осигурување се опфатени и штети предизвикани со делување на воздушен притисок создаден од снежна лавина.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДРОНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ

### Член 12

(1) Под одронување на земјиште, во смисла на овие услови, се смета паѓање на земјениот материјал на или во осигурениот предмет.

(2) Се смета дека настанал осигурен случај на одронување и тогаш, ако земјениот материјал што се одронил, го оштетил или го затрупал осигурениот предмет.

(3) Со осигурувањето се опфатени и трошоците за отстранување на одронетиот материјал во ширина од 1 метар од осигурениот објект.

(4) Со осигурувањето не се покриени трошоците за санирање на почвата и затрупување од првобитниот профил на теренот од кој се одронил земјениот материјал.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ПОЧВАТА

### Член 13

(1) Под слегнување на почвата, во смисла на овие услови, се смета вертикално слегнување на почвата под осигурениот монтажен објект, кое настапува како последица на монтажна незгода или геолошко влијание.

(2) Од осигурување се исклучени штети од слегнување на почвата:

1) ако до слегнување на почвата дошло поради тоа што почвата пред почетокот на монтажата/градењето не била испитана во поглед на нејзината носивост, а според прописите било задолжително испитување на носивоста на почвата;

2) доколку до слегнување на почвата дошло поради тоа што почвата било оптоварена повеќе отколку што било предвидено со проектот.

(3) Со осигурувањето не се покриени ниту трошоците за санирање на почвата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛИЗГАЊЕ НА ПОЧВАТА

### Член 14

(1) Под лизгање на почва, во смисла на овие услови, се сметаат ненадејни движења на површината на земјата на косите терени со јасни манифестации на кршење на површините на почвата и одронувањата кои, со појавата на јаките деформации и широките пукнатини на градежните објекти, настапуваат во кратки временски периоди.

(2) Со осигурување од лизгање на почвата не се опфатени:

1) штетите од лизгање на почвата, доколку не биле преземени сите потребни мерки за заштита што се познати во градежната техника, и/или косините не биле изведени во согласност со проектот и теренските услови;

2) трошоците за санирање на почвата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МОНТАЖА НА НЕЗГОДА

### Член 15

(1) Под монтажна незгода, во смисла на овие услови, се смета непредвиден, од волјата на изведувачот на работите независен настан, кој делува брзо и има како последица уништување или оштетување на осигурените почвата поради:

1) грешка во изведувањето на монтажните работи;

2) деформација и кршење на опремата за изведување на монтажата;

3) пренос или превоз на подрачјето на местото каде што се изведува монтажата;

4) грешка во техничко-пресметковните основи, пресметката и изработката на нацртите;

5) грешки направени во работилница;

6) грешки во конструкцијата;

7) грешки во материјалот, конструкцијата и лиењето;

8) паѓање, удар на предмет или удар на моторно возило и работна машина;

9) незгода за време на пробно оптоварување или пробен погон.

(2) Монтажната незгода се смета за непредвидена доколку изведувачот на работите, со оглед на техничкото знаење и можностите на техниката, не можел ниту бил должен да ја предвиди.

(3) Не се надоместуваат трошоците за отстранување на самите причини на штетата поради грешките во техничко-пресметковните основи, пресметката, конструкцијата, материјалот и лиењето како и изведувањето на монтажата.

(4) Ако се покаже дека одредена и правилно извршена техничко-сметковна анализа и конструкција и/или избраниот исправен материјал не одговара на барањата на погонот, па поради тоа дојде до предвремено истрошување, нема да се надомести таа штета, но ќе се надомести посредната штета на другите осигурени предмети од уништување, или оштетувања што со тоа би биле предизвикани.

(5) Под пробно оптоварување или пробен погон, во смисла на овие услови, се смета ставање машини или уреди во погон по завршената монтажа заради техничкото испитување на правилноста на монтажата и работата.

(6) Нема да се смета дека настапила осигурената непредвидена монтажна незгода, ако монтажниот објект е изведен:

1) спротивно на договорот за монтажа и со недостатоци;

2) со употреба на слаб или несоодветен материјал;

3) со кршење на општопризнатите правила на техниката, техничките прописи, упатства, нормативи, стандарди или одредби на техничката инспекција;

4) со пропуштање на преземање на потребните мерки против нормалните влијанија на временските прилики за кои морало да се смета според годишното време и месните прилики;

5) со примена на проектирање и постапка во изведување на работите, конструкција или материјал, кои не ги испробала или испитала и одобрила некоја овластена организација или техничката инспекција.

(7) Доколку во текот на работите на монтажата на осигурениот објект или по завршните работи осигуреникот дознае дека дошло до остварување на некоја прикриена или видлива грешка во техничко-пресметковните основи, пресметката, конструкцијата или материјалот, која би можела да предизвика оштетување или уништување на осигурениот објект, осигуреникот е должен на своја сметка да спроведе санација или да ги обнови деловите на објектот на кој би можело да дојде до оштетување. Ако осигуреникот не ја направи потребната санација или обнова, во смисла на одредбите на овој став, а осигурената опасност се оствари, како последица на грешките, осигуреникот го губи правото на надоместок од осигурителот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД НЕСПРЕТНОСТ, НЕВНИМАНИЕ ИЛИ ЛОША НАМЕРА НА РАБОТНИК ИЛИ НЕКОЕ ДРУГО ЛИЦЕ

### Член 16

Со осигурувањето се опфатени штетите од неспретност, невнимание или лоша намера на работник или некое друго лице. Неспретност или невнимание, во смисла на овие

услови, се оствариле само доколку осигуреникот комисиски за секој штетен настан утврди дека настанал со несоодветни постапки на некој работник или група работници.

Штетите предизвикани со лоша намера, осигуреникот е должен да ги пријави на органот на МВР.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВА И ПОРОЈ

### Член 17

(1) Под поплава во смисла на овие услови, се смета стихијно и неочекувано поплавување на теренот од постојани води (реки, езера, мориња и др.) поради тоа што водата се излила од коритото или го пробила одбранбениот насип или браната, излевање на водата поради вонредно висока плима и бранови со невообичаена сила на море или езеро и од надоаѓање вода од вештачки езера.

Под поплава се смета и неочекувано поплавување на теренот поради нагло создавање големо количество водена маса, која настапува како последица на провала на облаци.

(2) Под порој се смета стихијно неочекувано поплавување на теренот со водена маса, која се создава на низбрдните терени поради силни атмосферски врнежи и се слива по улиците и патиштата.

3) Со осигурувањето се опфатени само штетите предизвикани на осигурените предмети за време додека поплавата или поројот трае и непосредно по повлекување на водата.

(4) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети од водната страна на цевководите и хидромонтажната опрема (под внатрешна страна се смета онаа што е во допир со водата која тече низ овие објекти) предизвикани со механичко делување на водата;

2) штетите од слегнување на почвата како последица на поплавата или поројот;

3) штети од поплавување на водата излеана од канализациската мрежа, освен ако до излевањето дошло поради поплавата или поројот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ВИСОКА ВОДА

### Член 18

(1) Под висока вода, во смисла на овие услови, се смета исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот и во неочекувано време.

(2) Обврската на осигурителот за штетите од висока вода започнува со порастот на високата вода над однапред утврдените месечни коти на водостојот (или протоци) измерени на местото на монтажа според најблиску поставениот покажувач на водостојот.

(3)При склучување на осигурувањето потребно е претходно на градилиштето, во смисла на став (2) од овој член, да се утврди од која височина на водата настанува обврската на осигурителот. Оваа граница за секој месец во годината се наведува во полисата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОДЗЕМНА ВОДА

### Член 19

(1) Под подземна вода, во смисла на овие услови, се смета неочекуван продор

на вода во градежната јама, односно објектот во монтажа.

(2) Обврската на осигурителот за штета од подземна вода престанува:

1) доколку при монтажата на објектот во непосредна близина на постојните води претходно не се спроведени соодветни технички мерки на заштита;

2) доколку при изведување на монтажата во тунели, ровови и сличните земјени работи, нема доволен број подговтени исправни водни пумпи за црпење на подземната вода, кој додаток на вода според податоците од претходното хидрогеолошко испитување на теренот, односно според стручните претпоставки во проектот се сметал како очекуван.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДГОВОРНОСТ ОД ДЕЈНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧОТ НА МОНТАЖНИТЕ РАБОТИ

### Член 20

(1) Обемот на опасност од одговорност на изведувачот на монтажните работи се утврдува според Условите за осигурување од одговорност, ако не се во спротивност со овие услови.

(2) Доколку е осигурен само дел на објектот што се контира, или само поодделните монтажни и занаетчиски работи, осигурувањето од одговорност не ги покрива, ако не е договорено поинаку, штетите настанати на другите делови на тој објект во монтажа, или другите монтажни и занаетчиски работи што не се осигурени, односно се осигурени со друга полиса.

(3) Со осигурувањето од одговорност не се покриени штети на постојниот објект на кој се изведуваат работите (адаптација, доградба, реконструкција и сл.).

(4) Осигурителот кај осигурувањето од одговорност на изведувачот на монтажни работи е во обврска до сумата на осигурување по настан, која е наведена во полисата.

(5) Осигуреникот кај секоја штета учествува со 10% од вредноста на надоместокот (франшиза).

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ НА ДОГОВОРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧОТ НА РАБОТИТЕ ВО ГАРАНТЕН РОК

### Член 21

(1) Осигурувањето, во смисла на овие услови, ги покрива штетите на веќе завршениот објект во време на неговото одржување, односно гаранција, а кои настанале:

1) поради работите и активностите на изведувачот на работите (осигуреникот), кои произлегуваат од договорот за одржување помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите;

2) во време на гаранцијата, кои имаат своја непосредна причина од времето на градење на објектот, а настанале поради подоцнежно реализирање на ризиците наведени во член 15 и 16 од овие услови;

3) предвременото предавање на објектот на инвеститорот.

(2) Висината на надоместокот од осигурувањето во случај на оштетување на осигурениот објект, се утврдува според вистинските цени на материјалот и работите во времето на настанување на осигурениот случај, доколку не е договорено поинаку.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА

**Член 22**

(1) Обемот на опасност од провална кражба се определува според Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво ако не се во спротивност со овие услови.

(2) Осигурувањето ги покрива штетите од провална кражба на невграден градежен, монтажен, занаетчиски, инсталациски материјал и опрема што е наменета за вградување во осигурениот објект во монтажа, под услов невградениот градежен, монтажен, занаетчиски, инсталациски материјал и опрема да се наоѓаат во заклучени прирачни складишта и магацини и постојано да ги чува чувар.

(3) Ако изведувачот на работите не ги исполнува условите од став (2) на овој член, тогаш просторот каде што е складиран горепоменатиот материјал и опрема, треба да е ограден со добро одржувана ограда во висина од 2 м и да постои постојан чувар.

(4) Доколку при остварување на осигурен случај се утврди дека осигуреникот не исполнува еден од наведените услови од став (2) и (3) од овој член, осигурителот нема обврска да ја надомести штетата.

(5) Осигурувањето ги покрива и штетите од провална кражба на материјали и опрема, кои веќе се вградени во објектот во монтажа, под услов просториите каде што материјалите и опремата што веќе се вградени, да се заклучени и да постои постојан чувар. Доколку при остварување осигурен случај се утврди дека не постоел постојан чувар или дека просториите не биле заклучени, осигурителот нема обврска да ја надомести штетата.

(6) Обична кражба не е предмет на осигурување по овие услови.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ПРЕДМЕТ

**Член 23**

(1) Вредноста на осигурениот предмет е секоја времена вистинска цена на работите и материјалот, доколку не е договорено поинаку. Вистинската цена не може да биде поголема од цената на работите и материјалите од договорот (склучен помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите) за монтажа (која може да биде зголемена со договорен процент).

(2) За работите, кои во текот на градбата дополнително се договараат помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите (дополнителни работи) осигурената вредност се утврдува според став (1) од овој член, доколку нивната вредност не премина 10% од вредноста на договорот за осигурување. Ако оваа вредност ја преминува оваа граница од 10%, треба да се склучи дополнителен договор меѓу осигуреникот и осигурителот.

(3) Вредноста на осигурениот предмет од точка 3 став (1) на член 1 и точките 2, 3, 4 и 5 од став (2) на истиот член од овие услови, е набавната цена на новиот предмет во време на настанување на осигурениот случај намален за вредноста на проценетата истрошеност (амортизација), ако не е договорено поинаку.

## СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 24**

Осигурувањето на објекти во монтажа може да го заклучи инвеститорот или изведувачот на работите, односно секој посебно за оној дел за кој има имотен интерес или договорна обврска да го спроведе осигурувањето од опасностите предвидени со договорот.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 25**

Место на осигурување е подрачјето каде што се извршува монтажата, со прирачните складишта на тоа место, кои служат исклучиво за изведба на осигурениот објект во монтажа, ако не е договорено поинаку.

## УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 26**

(1) Висината на надоместокот од осигурувањето се утврдува:

1) во случај на уништување - според вредностите на осигурените предмети (член 23) во време на настанување на осигурениот случај, намалени за вредноста на остатокот;

2) во случај на оштетување - во висина на трошоците потребни за враќање во состојба пред оштетувањето по цена на материјалот и работите од договорот меѓу инвеститорот и изведувачот на работите, намалена за вредноста на остатоците. Во трошокот за поправка се пресметуваат и трошоците за демонтажа, превоз и монтажа.

(2) Поголемите трошоци за прекувремена работа, ноќна работа, работа на празници, се надоместуваат само тогаш ако тоа е експлицитно договорено.

(3) Не се надоместуваат поголемите трошоци за поправка на работите што не биле предвидени со проектот, како: поголеми трошоци поради измена на начинот на изведување на работите или поради спроведување на побарување, проширување или усовршување во однос на состојбата пред настанување на осигурениот случај и поради потребните засилувања во врска со измената на статичките елементи, па ни тогаш кога тие трошоци се предизвикани со настанување на осигурениот случај.

(4) Остатоците на уништените или оштетените предмети остануваат кај осигуреникот и се пресметуваат според вредноста на денот на настанување на осигурениот случај и според состојбата во каква биле веднаш по осигурениот случај.

(5) Се смета дека предметот е уништен и штетата се пресметува според став (1), точка 1 од овој член, ако трошоците за поправката ја достигнат вредноста на предметот намалена за вредноста на остатоците на денот на осигурениот случај.

(6) Во секој остварен осигурен случај, пресметаниот надоместок се намалува за 10%, ако не е договорено поинаку.

(7) Со осигурување се опфатени само оние штети што во моментот на монтажната незгода настанале на самиот осигурен објект или во границите на предвидениот и одобрениот проект за тој осигурен објект. Штетите предизвикани надвор од границите на така проектираниот објект, не влегуваат во обврска на осигурителот, доколку не е договорено поинаку.

(8) Со склучување договор за осигурување објект во монтажа, не се ослободуваат од меѓусебните обврски инвеститорот и изведувачот на работите, што тие ги имаат еден спрема друг, врз основа на договорот за монтажа и врз основа на техничките упатства, предмети, ценовник на работа и друга документација што претставува составен дел на нивниот меѓусебен договор за монтажа.

(9) Ако предметите се осигурени на прв ризик од опасностите, со чие остварување настане штетата, надоместокот ќе се плати во висина на настанатата штета, а најмногу до

договорената сума на осигурување на прв ризик. Одредбите за подосигурување во овој случај не се применуваат.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

### Член 27

(1) На име трошоци за расчистување и уривање во врска со настанатиот осигурен случај, осигурителот, ако не е поинаку договорено, ги надоместува нужните издатоци за расчистување и чистење на оштетениот осигурен предмет, а најмногу до 3% од вредноста на осигурениот предмет, погоден со штета. Во трошоците за уривање влегуваат нужните трошоци што договарачот на осигурувањето ги има по настанувањето на осигурениот случај за уривање на преостанатите оштетени неупотребливи делови и нивно носење до најблиското дозволено место за истовар.

(2) Освен трошоците, од став 1 на овој член, осигурителот е во обврска да ги надомести и трошоците во врска со настанатиот осигурен случај, кои се потребни пред почетокот на отстранување на штетата (техничката документација со претходните испитувања), но најмногу до 1% од вредноста на осигурените предмети погодени со штетата.

(3) Осигурителот е должен да ги надомести трошоците, загубите, како и другите штети предизвикани со разумен обид да се отстрани непосредна опасност од настанување на осигурениот случај, како и обидот да се ограничат неговите штетни последици, па и тогаш ако тие обиди останувале без успех. Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, обврската на осигурителот ќе се намали за онолку за колку настанала поголема штета поради тоа неисполнување.

(4) Вкупниот надоместок на име трошоци од став (1) и (2) од овој член и на име надоместок од осигурувањето (член 26) не може да ја надмине сумата на осигурување, односно вредноста на осигурениот предмет погоден со штетата. Трошоците од став (3) на овој член осигурителот не е должен да ги надомести дури и ако заедно со надоместокот на штетата од осигурениот случај ја надминуваат сумата на осигурување.

Нужните трошоци за отстранување и намалување на штетата направени по налог на осигурителот се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот од осигурувањето (член 26) ја надминуваат сумата на осигурување.

(5) Осигурителот не е во обврска да ги надомести трошоците предизвикани со отстранување на причината на штетата, ниту трошоците на интервенција на противпожарното друштво или другите организации, чија должност е, според карактерот на работењето, да даваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

## ДОГОВОРЕНО САМОУЧЕСТВО (ФРАНШИЗА)

### Член 28

Во секој остварен осигурен случај пресметаниот надоместок се намалува за договорената франшиза (која се запишува во полисата), ако поинаку не е договорено.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 29

(1) Обврската на осигурителот започнува од моментот кога осигурените предмети ќе бидат истоварени на местото за монтажа, но не пред тоа како што е предвидено во Општите услови за осигурување имоти.

(2) Осигурувањето престанува со истекот на 24-тиот час од денот што во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето. Осигурувањето може да се продолжи со тоа што премијата за продолжениот период се пресметува во согласност со одредбите на Тарифата за осигурување објекти во монтажа.

(3) Пробното оптоварување или пробниот погон според овие Услови се смета како дел од монтажата и трае најмногу еден месец, а ако трае подолго, се пресметува дополнителна премија во согласност со важечката Тарифа на премии.

## ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 30

(1) Доколку се договори осигурување на вистинска вредност, премијата може да се пресметува на два начина:

- на почетокот на осигурувањето, однапред според утврдената премиска стапка од пресметковната вредност на објектот од договорот за монтажа, во време на склучување на договорот на осигурување. Конечната пресметка на премијата се врши врз основа на вистинската вредност на објектот (завршна ситуација) и вистинското времетраење на монтажата;
- во зависност како ќе се договори меѓу договарачот на осигурувањето и осигуреникот премијата, според утврдената премиска стапка, се пресметува секој месец или квартално, врз основа на времените ситуации кои изведувачот (осигуреникот) ги доставува за реализација на инвеститорот на објектот во монтажа. Конечната пресметка на премијата се врши врз основа на вистинската вредност на објектот (завршна ситуација) и вистинското времетраење на монтажата.

(2) Ако се договори осигурување на поинаква вредност, премијата се пресметува од оваа вредност според утврдената премиска стапка, а начинот на пресметката на премијата се утврдува во полисата.

(3) Ако се договори осигурување со фиксна сума на осигурување, премијата се пресметува од оваа сума според утврдената премиска стапка.

(4) Ако договарачот на осигурувањето писмено пријави однапред мирување (најмалку за еден месец) на работите на објектот во монтажа, се признава попуст на премијата на осигурувањето на основните ризици и од ризикот одговорност од дејност на изведувачот на монтажните работи.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА ДРУГИ ОСИГУРУВАЊА

### Член 31

Ако осигуреникот склучил и некое друго осигурување за предметите осигурени по овие услови, во случај на настанување на штетата надоместокот ќе се исплати врз основа на тие други осигурувања.

Врз основа на осигурувањето на објекти во монтажа, надоместокот ќе се исплати само тогаш ако покритието по тие други осигурувања не било доволно, и тоа до износот на непокриениот дел од штетата.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

### Член 32

Ако не се во спротивност со овие услови, на осигурувањата склучени по овие услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

### Член 34

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

### Член 35

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

### Член 36
### Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните

податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 37**
**Основ и цел за обработка на лични податоци**

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 38**
**Пренос на личните податоци**

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 39**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 40**
**Права на субјектите на личните податоци**

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 41**
**Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10

години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**Претседател на управен одбор**
**Елизабета Божиновска**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ
НЕЖИВОТ
Скопје